Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

Примено: 27.10.2014

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 5183 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**од контролниот надзор на програмскиот сервис на**
**ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ,**
**емитуван на 13 октомври 2014 година**

***<u>Предмет на надзорот:</u>***

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (давателот на аудиовизуелни медиумски услуги е должен пред програмите кои би можеле да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица да обезбеди акустично предупредување и визуелни знаци во текот на нивното времетраење).

*На 01.09.2014 година, за непочитување на член 50 став 3 од Законот, констатирано со редовниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 5 август 2014 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

***<u>Констатации:</u>***

Со контролниот надзор на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ, емитуван на 13 октомври 2014 година, е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), **<u>во целост постапил по решението</u>**, односно ја отстранил извршената повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Сектор за програмски работи***
*Изработила: Несрин Сејфула*
*Одобрила: м-р Емилија Јаневска*

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*27.10.2014 г.*